Здружение на граѓани
**Институт за човекови права**
Бр. 0302-10/4
21.09 2026, Скопје

**До**
**Советот за соработка на Владата со граѓанскиот сектор**
**Скопје**

**Предмет: Пријава за претставник во Комисијата за селекција на кандидати за член на ССРСМ**

Почитувани,

Врз основа на Барањето за определување на претставник во Комисија за селекција на кандидати за член на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.16-5721/3 од 18.09.2026, упатено до Советот за соработка меѓу Владата на РСМ и граѓанското општество, **Здружението на граѓани Институт за човекови права Скопје ја предлага ЈЕЛЕНА КАДРИЌ**, Извршна директорка на Институтот за човекови права за претставничка од граѓанскиот сектор од областа на владеење на правото и правосудството во горенаведената Комисија.

Здружението на граѓани Институт за човекови права Скопје[1] повеќе од 15 години работи во областа на правосудството, владеење на правото и човековите права. Стратешките приоритети на Институтот за човекови права се ориентирани кон правосудството и човековите права, правната сигурност, промоција на човековите слободи и права, еднаквост и недискриминација и борба против корупција. Како најзначајни активности би ги издвоиле следењето на реформите во правосудството и директен мониторинг на работата на Судскиот совет почнувајќи од 2012 година па навака, потоа Советот на јавни обвинители, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Државната комисија за спречување на корупција, Државното правобранителство, како и други државни институции важни за обезбедување на владеење на правото.

Институтот за човекови права (ИЧП) учествуваше во изработката на Стратегијата за правосудство 2017-2022, како и во Развојната стратегија за правосудството 2024-2028. Јелена Кадриќ како претставник од Институтот за човекови права и Блупринт групата за реформа на правосудството, даде значаен придонес со учеството во работните групи за измени на Законот за Судски совет, Законот за судски буџет и Законот за судови, во кои голем дел од препораките на ИЧП базирани на податоците од долгогодишниот мониторинг на Судскиот совет беа инкорпорирани. Исто така учествуваме и во Советот за следење на реформа на правосудството, како и во други работни групи за изработка на законски измени и дополнувања.

ИЧП е членка на Блупринт групата за реформи во правосудството претставува неформална мрежа на граѓански организации кои континуирано делуваат во областа на правосудството, со цел следење и унапредување на реформските процеси.

---

[1] www.ihr.org.mk

Исто така членка сме и на Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата која цели кон проактивно, динамично и оспособено граѓанско општество кое ги почитува, промовира и застапува принципите на доброто владеење

Сметаме дека со долгогодишното искуство на ИЧП како и на нашата претставничка Јелена Кадриќ ги исполнуваме условите од повикот, за да бидеме предложени за член на Комисијата за селекција на член на Судскиот совет на РСМ.

Во прилог ви доставуваме портфолио на ИЧП и CV на Јелена Кадриќ.

За дополнителни информации контакт лице Јелена Кадриќ, тел. 02/3243-331, 075/374-526 или jelena.kadric@ihr.org.mk,

Маргарита Цаца Николовска
Претседателка на
Институт за човекови права

Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Скопје